РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**за потребните прилози кон поднесената листа на кандидат**
**за Претседател на Република Македонија**
**(член 64 од Изборниот законик)**

**Кон листата на кандидат, предложена од 30 пратеници, се доставува:**

1. Листа на кандидат (Образец бр. 2а) – во оригинал,
2. Доказ за собрани потписи согласно член 59 ставовите 1 и 3 од Изборниот законик (Образец бр. 1а) – во оригинал,
3. Изјава за прифаќање на кандидатура (Образец бр. 3а) – во оригинал,
4. Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа на кандидатот,
5. Доказ дека предложениот кандидат за Претседател на Република Македонија е државјанин на Република Македонија – во оригинал,
6. Доказ дека предложениот кандидат за Претседател на Република Македонија, до денот на изборите е жител на Република Македонија најмалку десет години во последните 15 години – во оригинал,
7. Симбол, доколку го има, во електронска форма во .jpg или .tif формат – на ЦД РОМ, УСБ или друг погоден медиум и
8. Доказ за обезбеден ЕДБ со назнака „за изборна кампања“ и отворена трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања“ – копија.

**Кон листата на кандидат, предложена од група избирачи, се доставува:**

1. Листа на кандидат (Образец бр. 2б) – во оригинал,
2. Доказ за собрани потписи согласно член 59 ставовите 1 и 2 од Изборниот законик (Образец бр.1б) – во оригинал,
3. Изјава за прифаќање на кандидатура (Образец бр. 3а) – во оригинал,
4. Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа на кандидатот,
5. Доказ дека предложениот кандидат за Претседател на Република Македонија е државјанин на Република Македонија – во оригинал,

6. Деказ дека предложениот кандидат за Претседател на Република Македонија, до денот на изборите е жител на Република Македонија најмалку десет години во последните 15 години – во оригинал;
7. Симбол, доколку го има, во електронска форма (во .jpg или .tif формат)
8. Доказ за обезбеден ЕДБ со назнака „за изборна кампања“ и отворена трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања“ – копија.

**Листата на кандидат за Претседател на Република Македонија со потребните докази, наведени во ова известување, се доставува до Државната изборна комисија, најдоцна до 24:00 часот на 13 март 2014 година.**

**НАПОМЕНА:** 1. Подносителот на листа на кандидат, симболот, доколку го има, во електронска форма (.jpg или .tif формат) го доставува до Државната изборна комисија.

2. При поднесувањето на листата, овластениот подносител задолжително доставува овластување за определелување на овластен претставник на подносителот на листата.

3. Ако Државната изборна комисија утврди дека во листата на кандидат има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на листите. Ако Државната изборна комисија утврди дека листата е поднесена ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителот на листата не ги отстранил, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листата.

4. Кандидатите за Претседател на Република Македонија се должни да обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакционата сметка, најдоцна 48 часа по потврдување на листата, а најрано 48 часа по распишување на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциона сметка да ги достават до Државната изборна комисија. Ако кандидатите не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциона сметка, односно не достават доказ до Државната изборна комисија, во законските рокови, кандидатската листа се отфрла со решение на Државната изборна комисија, односно потврдената листа се поништува со решение на Државната изборна комисија..

**Број** 09-745/1
05**. 03. 2014 год**
**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Никола Рилкоски**

*Изготвил:* *Д. Јанчев*

21